# САМА МОМА ВО ПЛАНИНА




*Сама мома во планина,*
*во планина без дружина.*
*Ја намери лудо младо,*
*му ги фати патишчата,*

*му ги фати патишчата,*
*му ја фати десна рака.*
*Почна моме да се моли,*
*да се моли на лудото:*

*„Пушчи, лудо, патишчата,*
*пушчи ми ја десна рака,*
*нели има чисти пости,*
*чисти пости велигденски!“*

*Се измами лудо младо,*
*му ги пушчи патишчата,*
*му ги пушчи патишчата,*
*му ја пушчи десна рака.*

*Почна моме да се фали,*
*да се фали на лудото:*
*„Нашол волкот рудо јагне,*
*не знаеше да го јади,*
*фатил секол јаребица,*
*не знаеше да ја колва;*
*нашло лудо малкој моме,*
*не знаеше да ја љуби.*

Ѓорѓи Доневски: Сокол ми лета високо. Скопје, 1978